Бр./Nr 12-4190/4
31-01-2024 г./v. (2023)



Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 99-та седница одржана на 30.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-4190/1 од 05.09.2023 година, оформен по доставена пријава за службеното лице -------------------, Директор на Државниот -------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај се водат постапки пред други надлежни органи.

Предметот со број 12-4190/1 од 05.09.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 05.09.2023 година, поднесена е пријава за службеното лице ----------------, Директор на Државниот ----------------------- и оформен е предмет број 12-4190/1 од 05.09.2023 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи дека наведената директорка склучила повеќе договори на дело со повеќе блиски лица, на пријателска и партиска основа без притоа да има реална потреба од нивно ангажирање.

Наведено е дека заради извршените злоупотреби на службена положба на директорката подносителот покрај до ДКСК доставил пријави и до повеќе други институции, меѓу кои Основното јавно обвинителство, Владата на РСМ и Амбасадата на САД во РСМ.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Министерството за финансии, со цел обезбедување на информација за тоа дали била побарана финансиска согласност од страна на Државниот -------------------.

Министерството за финансии достави одговор во кој е наведено дека наведениот -----------, по претходно доставени Барања, имало дадено финансиска согласност за ангажирање на едно лице за периодот 01.05.2023-31.12.2023 година со месечна нето плата во износ од 45.000,00 денари, како и за уште 10 (десет) лица за периодот 01.01.2023-31.12.2023 година со месечо нето плата во износ од 25.000,00 денари.

ДКСК исто така се обрати и до Основното јавно обвинителство со цел прибавување на информација за тоа дали пријавата била доставена и во ОЈО како и информација за тоа дали по истата се постапува.

Основното јавно обвинителство Скопје достави одговор дека во врска со споменатата претставка против ------------, Директор на Државниот ----------------- бил оформен предмет со РО бр.-------/23 и по истиот биле преземени активности за надлежно постапување.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај во тек се постапки пред други надлежни органи или пак веќе постапиле други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: м-р К.З.
Одобрил: м-р В.Г, Член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**